ИСОС
Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр 0302/905-142
04.06 2019 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

Согласно Законот за вршење сметководствени работи, Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и одлуките на органите на Институтот, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија го распишува следниот оглас за пријавување на кандидати за членови на Управен одбор и претседател на Институтот.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат условите согласно Законот за вршење сметководствени работи и Статутот на Институтот најдоцна до 8-миот ден од денот на објавување на огласот, до архивата на Институтот на адреса „Ѓуро Стругар" бр.5, Скопје да ги достават следните документи:

- Кусо резиме (име, презиме, број на уверение, контакт телефон, копија од уверение/диплома за степен на завршено образование);
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенцијата за вработување (АВРМ) со кој се докажува бројот на години стаж;
- Потврда од Централен регистар за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;
- Кус план за активности, програма за работа и главни цели (половина до една ипол страна).

Лицата кои се кандидираат за претседател на Институтот истото да го нагласат на самата апликација.

Избраните кандидати ќе бидат навремено известени.